**ЗАПИСНИК**
**од 09-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 26.02.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Зоран Фиданоски

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Тања Пачоска, Арбен Саити, Билјана П. Парлеева, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска, Илија Витков.

Г-дин Петрушевски ја отвори 09-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13.30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, ги информира присутните дека г-дин Јанчески малку ќе задоцни на седницата, поради густиот сообраќај во градот, додека г-дин Фиданоски е отсутен поради студиски престој во Велика Британија.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за“, (г-дин Јанчески беше отсутен за време на гласањето), го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 08-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2016 година.
2. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување.
3. Извештај за завршна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година.
4. Информација за дополнување на Пописната листа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година.
5. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.
6. Предлог-одлука за спроведување на постапка за јавна набавка:Набавка на ИКТ средства.
7. Предлог-одлука за спроведување на постапка за јавна набавка:Миење на службените возила на Агенцијата.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно, со 5 гласа „за“, (г-дин Јанчески беше отсутен за време на гласањето), го усвои Записникот од 08-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.02.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски, објасни дека под оваа точка ќе се разгледаат 5 предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување. За сите предлози отвори општа дискусија.

Г-дин Трајчевски, образложи дека на една од претходните седници, поради не исполнување на законската обврска да го платат годишниот надоместок во зададениот рок, за сите пет радиодифузери, Советот покрена постапка за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување. Во меѓувреме, радиодифузерите во целост го платија надоместок и од таа причина се предлага да се запре постапката. Добро е, рече, што меѓу овие радиодифузери има такви кои што минатите години биле проблематични од тој аспект или пак најавувале дека нема да платат, како што се ТВ СКОПЈЕ, ДИ-ЏЕЈ Славе и РАДИО ВАЛАНДОВО. При тоа, констатира дека е позитивно што во законскиот рок радиодифузерите ги платија надоместоците.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-51 од 25.02.2016 година и едногласно, со 5 гласа „за“, (г-дин Јанчески беше отсутен за време на гласањето), донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЏЕЗ фм Љупчо ДООЕЛ Скопје, бр.08-83 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 191,450.00 (стодеведесетиеднаилјадаичетиристотиниипедесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-53 од 25.02.2016 година и едногласно, со 5 гласа „за“, (г-дин Јанчески беше отсутен за време на гласањето), донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 41,229.00 (четириесетиеднаилјадаидвестедваесетидевет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-54 од 25.02.2016 година и едногласно, со 5 гласа „за“, (г-дин Јанчески беше отсутен за време на гласањето), донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, бр.08-90 од 05.01.2015 година, поради

извршена уплата на долгот во износ од 11,500.00 (единаесетилјадиипетстотини) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-58 од 25.02.2016 година и едногласно, со 5 гласа „за", (г-дин Јанчески беше отсутен за време на гласањето), донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 29,833.00 (дваесетидеветилјадииосумстотинитриесетитри) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-75 од 25.02.2016 година и едногласно, со 5 гласа „за", (г-дин Јанчески беше отсутен за време на гласањето), донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, бр.08-17 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 881,281.00 (осумстотиниосумдесетиеднаилјадаидвестеосумдесетиеден) денар, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Помошник на раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, детално го образложи предложениот Извештај за завршна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година. Објасни дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, годишната сметка ја подготвува според Законот за сметководство за непрофитни организации и Правилникот за сметководство на непрофитни организации. Објасни дека вкупните остварени приходи во 2015-та година на Агенцијата, изнесуваат 139,247,270.00 денари и при тоа ги наведе и изворите од каде се остварени тие приходи. Вкупно направените расходи во 2015-та година изнесуваат 191,565,690.00 денари и се претставени во образецот - Биланс на приходи и расходи. По завршната сметка за 2015-та година имаше побарувања во износ од 1,093,237.00 денари. Тие се однесуваат на побарувања по основ на данок на додадена вредност, во износ од 710,765.00 денари и побарувања по основ на платен данок на добивка во износ од 382,472.00 денари. Наведените побарувања ќе бидат затварани со пребивање на обврските кои Агенцијата ги има по наведените основи.

Г-дин Трајчев, праша за разликата која се јавува помеѓу планираното и реализираното, поточно онаму каде што има отстапување на ставките по однос на повисоки суми. Праша дали тоа е така во ред и побара објаснување, бидејќи има ставка каде е планирана одредена сума а понатаму повеќе е потрошено. Ако треба, рече, да се направи промена на

тие ставки пред да се донесе завршната сметка. На пример ставка 409200, Расходи за семинар, советувања и сл. планирани се 80,000.00 а потрошени се 102,700.00 денари. Ако е буџет, рече дека тоа не смее да се случи, не смее да се пробие ставката, независно од оправданоста или не. Се работи за план каде се носи буџетот, по ставки каде и колку може да се потроши. Постави прашање дали тие како Совет со усвојување на оваа завршна сметка, каде има пробиени три ставки, иако не се големи сумите, но технички формално се пробиени, дали тоа од било кој аспект ќе направи проблем во финансискиот дел?

Помошник на раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, објасни дека можно е да се случат вакви отстапувања, ги има на три места во завршната сметка и се работи за навистина мали суми. Според него не може точно да се предвиди износот во некои ставки, но сепак Агенција не ги преминала вкупните предвидени расходи.

Г-дин Трајчевски, објасни дека за банкарски провизии била предвидена една сума, но од тој износ се потрошени 1,000.00 денари повеќе. Појасни дека од вкупните средства што се потрошени, 17 милиони денари се помалку потрошени од тоа што требало. Така да 1,000.00 денари во однос на 17 милиони денари претставува промил. Во ставката за „Расходи за семинар, советувања и сл." има разлика од 22,700.00 денари и во уште една ставка. Сите три ставки се пробиени со вкупно од околу 500-600 евра, во однос на 300.000 евра што Агенцијата ги има помалку потрошено од предвиденото. Потенцира дека сите тие промени се уредно евидентирани.

Г-дин Трајчев, рече дека се прават промени на ставки во текот на годината. Има ситуација во некоја ставка, која е планирана со одреден износ, понатаму да не се реализира и да се промени планот и затоа се прават промени, од една ставка средствата се пренесуваат на друга. Наместо услуга да се пренамени за стока. Многу е важно, рече, да се договорат како ќе работат понатаму, ставките да не се надминуваат. Ако веќе се коригираат или се носат целосно како еден план, или ако веќе се коригираат внатрешно во структурата на самите ставки, на крајот на годината во завршната сметка не смее да има отстапувања.

Г-дин Трајчевски, рече дека без оглед што Агенцијата не е буџетски корисник, на половина од тековната година ќе се направат корекции и усогласувања ако се има сознанија дека во одредени ставки може да дојде до минимално пречекорување во иднина.

Г-дин Трајчев, рече дека неговата забелешка е принципиелна и сака само да се дефинираат работите.

Г-дин Фетаи, рече дека ја разбира дискусијата и дилемите во насока на технички и правен аспект, отколку на суштински. Не во врска каде се потрошени средствата и зошто се потрошени, туку како тоа правно да се покрие и на крај да не испадне дека Советот го прекршила принципот и начинот на тоа што го усвоиле, а во меѓувреме тоа се променило.

Г-дин Петрушевски, го праша Горан Радуновиќ, бидејќи парите што се префрлаат од 2015 година во 2016 година се 52.254.295,00 денари, колкава е износот што се префрли од 2014 во 2015 година?

Горан Радуновиќ одговори дека износот е 104.572.715,00 денари.

Г-дин Трајчевски, објасни дека од 104.572.715,00 денари што беа префрлени од 2014 во 2015 година, најголемиот дел биле средства од депозити и се потрошени за изградба на новиот деловен објект на Агенцијата. Средствата од 52.254.295,00 денари се вишок на средства што се прибрани лани, а не се потрошени, не затоа што одредени ставки не се реализирани, туку прво затоа што со Законот за јавни набавки многу работи се плаќаат драстично поевтино отколку што се планирани. Ако за претходната година, Агенцијата во

стариот објект плаќала осигурување од некоја сума Х, сега со јавна набавка и со електронска аукција се плаќа пет пати помалку. Сметките за парно греење се исто така намалени, за мобилна и фиксна телефонија се 1.600,00 до 1.800,00 денари месечно а претходно 25.000,00 денари била најниската сметка, така да за една година не може да се стигне до 25.000,00 денари. До сега во 2016 година, највисока сума за греење е 116.000,00 денари, за ноември и октомври 2015 беа пониски, додека 273.000,00 денари месечно се плаќаше во старата зграда. Г-дин Трајчевски, информира дека за четири зимски месеци во новата зграда се плати колку претходно за еден месец во стариот објект, а квадратурата на новиот објект е дупло поголема. И затоа се јавува толкава разлика во планираните расходи, се е реализирано а има 17 милиони денари помалку платено.

Г-дин Јанчески пристигна на седницата.

Г-дин Петрушевски, рече дека по сето она што го слушнал во дискусијата, сака лично да им честита на директорот на Агенцијата, г-дин Трајчевски и на Стручната служба, за домаќинското работење во изминатата година.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1126/2 од 25.02.2016 година и едногласно, со 6 гласа „за", донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, Годишната сметка на Агенцијата за 2015 година, да ја достави до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар, а Образецот ДБ до Управата за јавни приходи, согласно Законот за сметководство на непрофитните организации.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски објасни дека во Пописната листа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година, која претходно е усвоена на седница, не е ништо сменето туку е дополнета и усогласена со теркот кој што го препорачал Државниот завод за ревизија.

Помошник на раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, објасни дека согласно препораките од Државниот завод за ревизија, пописните листи се дополнети и содржат: набавна вредност на основното средство, исправка, сегашна вредност и забелешка во која е наведена просторијата каде се наоѓа основното средство.

Соработникот од Секторот за правни и економско-финансиски работи, м-р Тања Пачоска, објасни дека Агенцијата по завршување на седницата, ќе го достави Извештајот и пописните листи од извршениот попис на основните средства (ревидирани), ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со состојба на 31.12.2015 година, до Државниот завод за ревизија, со објаснување дека Агенцијата целосно постапиле по препораките.

Г-дин Трајчев, побара објаснување за состојбата која е настаната со кусоци, односно за непронајдените предмети.

Соработникот, м-р Тања Пачоска, објасни дека тие основни средства кои се наведени во пописните листи не биле пронајдени и од таа причина се констатирани и заведени во листите.

Г-дин Трајчев, праша како ќе се постапи понатаму, дали ќе се утврди зошто недостигаат, како недостигаат, затоа што во рок од една година исчезнале одредени предмети, независно од нивната сметководствена вредност.

Г-дин Трајчевски, објасни дека предмети со „најголема вредност" од останатите изгубени предмети, се две фотелји кои се изгубени при процес на селење или по грешка се дадени на Агенција за разузнавање.

Шефот на кабинет, м-р Драгица Љубевска, објасни дека во старите простории на Агенцијата двете фотелји ги имало, но при селење во новиот објект, со многу краток временски период од ден и половина, најверојатно се загубени.

Г-дин Трајчев, забележа дека меѓу другите работи недостасува и бојлер за кујна, за кој не му е логично да недостига и рече дека мора да има постапка за таа работа.

Шефот на кабинет, м-р Драгица Љубевска, дообјасни дека бојлерот за кујна кој е кусок, не бил подолго време во употреба, се наоѓал во подрум и при чистење на подрумите, веројатно е даден за старо железо.

Г-дин Трајчевски, објасни дека тие предмети изгубиле вредност од мај 2015 година, и според Законот тие можат да се отпишат без никаква постапка. Додаде дека имаше и кујна која не била заведена никаде и е дадена на Агенција за разузнавање.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев, ја усвои Информацијата бр.01-1125/1 од 25.02.2016 година, за дополнување на Пописната листа на основните средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година и Пописната листа предлог за отпис/расход на инвентар и опрема.

Согласно препораките од Државниот завод за ревизија, пописните листи се дополнети и содржат: набавна вредност на основното средство, исправка, сегашна вредност и забелешка во која е наведена просторијата каде се наоѓа основното средство.

Агенцијата да го достави Извештајот и пописните листи од извршениот попис на основните средства (ревидирани), ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со состојба на 31.12.2015 година, до Државниот завод за ревизија.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски, во однос на Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, објасни дека се менува само датумот, односно „01.03.2016" се заменува со 01.05.2016 година.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1116/1 од 25.02.2016 година и едногласно, со 6 гласа „за", донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и

давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи да изработи пречистен текст на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на локациите за прибирање сигнали од операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 6**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, ја образложи Предлог-одлуката за спроведување на постапка за јавна набавка: Набавка на ИКТ средства. Објасни дека станува збор за набавка на ситен информатички материјал потребен за секојдневните обврски на вработените, како на пример слушалки, ДВД и USB сл.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1114/3 од 25.02.2016 година и едногласно, со 6 гласа „за", даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Набавка на ИКТ средства за потребите на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - стока: Набавка на ИКТ средства за потребите на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2016 година, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година и Планот бр.05-706/1 од 05.02.2016 година за Изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2016 година, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 7**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, ја образложи Предлог-одлуката за спроведување на постапка за јавна набавка: Миење на службените возила на Агенцијата. Објасни дека оваа набавка целосно ќе се спроведе по електронски пат.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1111/3 од 25.02.2016 година и едногласно, со 6 гласа „за", даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Миење на службените возила на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - услуга: Миење на службените возила на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2016 година, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година и Планот бр.05-706/1 од 05.02.2016 година за Изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2016 година, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 8**

Разно.

Немаше точки под разно.

**Бр. 02-1101/12**
**07-03 2016 година**
**услуги**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**